НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БИТОЛА

2015

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА

Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Претседател на редакциски одбор:
Александар Литовски

Членови на редакциски одбор:
Лиљана Христова
Викторија Момева Алтипармаковска
Ристо Палигора
Зоран Алтипармаков

Технички секретар: Владо Ѓоревски

Превод на англиски: Силвана Петрова Насух
Лектор: Калиопи Бојчиновска
Печати: Херакли Битола
Тираж: 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(497.7)"18/19"(082)
930.85(497.7)(082)

ЗБОРНИК на трудови / [уредник Александар Литовски]. - Битола : НУ Завод и Музеј Битола, 2015. - 195 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Summaries кон повеќето трудови. - Библиографија кон повеќето трудови

ISBN 978-608-4754-05-3

а) Македонија - Историја - 19-20в. - Зборници б) Македонија - Културна историја - Зборници
COBISS.MK-ID 99192586

Почитувани читатели!
Почитувани колеги!

„Зборникот на трудови“ на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола е стручно и научно списание кое има за цел на стручната и пошироката јавност да им презентира изворни материјали и нови сознанија, кои ќе бидат научно издржани и кои ќе ја збогатат ризницата од знаења во областите на кои се однесуваат.

Со задоволство можеме да истакнеме дека пред вас се наоѓа новиот осумнаесетти број на ова наше списание и, како што ќе можете да забележите, во него се поместени осумнаесет прилози од наши колеги кои не се само од редот на вработените во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, туку и колеги кои работат во различни научни и културни институции низ Република Македонија.

И во овој број на „Зборникот на трудови“ го зачувавме ликовно-графички лик на корицата, а на самиот крај, ги приложуваме инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за нашиот Зборник. Со објавување и на овој осумнаесетти број од нашиот „Зборник на трудови“, се надеваме дека ќе ја поттикнеме заинтересираноста за идно учество на сите колеги од сродните стручни институции, како и од сите останати научни институции во Републикка Македонија, а кои работат на теми кои се во сферата на заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологијата, историјата на уметност, етнологијата, фолклористиката, археологијата, историјата...

На крајот, повторно Ве информираме дека Редакцискиот одбор, а пред сè претседателот и техничкиот секретар, стојат на располагање во текот на целата година со цел да разјаснат евентуални нејаснотии и да ги прифатат испратените стручни трудови за наредниот број на „Зборник на трудови“.

Претседател на Редакцискиот одбор

д-р Александар Литовски

Директор

Лилјана Христова

Содржина:

Георги Димовски
Учениците Евреи во битолските
католички (француски) училишта.....7

Александар Литовски,
Последиците од убиството на Спасое Хаџи Поповиќ во Битола.....23

Роберто Трајковски,
Активноста на Третиот Рајх за организирање на месна самозаштита (милиција) во Западна Македонија во крајот на 1943 и првата половина на 1944 година.....37

Рубинчо Белчески,
Народен музеј - „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“ - Прилеп во весникот „Нова Македонија“.....46

Лидија Ѓурковска,
Дискусијата на Павел Шатев на седницата на Второто редовно заседание на Уставотворното собрание на НРМ од 25. 12. 1946 година.....60

Габриела Топузовска,
Активностите на Хигиенскиот завод за еридикација на маларијата во Македонија по Втората светска војна.....68

Александар Симоновски,
Активностите на Битолскиот областен народноослободителен одбор при организирањето на образованието и културата во Македонија во 1944 година.....77

Илија Василески,
Панко Брашнаров - од истакнат национален борец до жртва на комунистичкиот режим.....87

Бранко Ѓоргиев,
Помалку познати револуционерни дејци од Струмица и Струмичко во времето на основањето на Македонската револуционерна организација до почетокот на Балканските војни (1893-1912/13).....93

Мери Стојанова,
Традиционалната исхрана на населението во Преспа.....106

Даница Џокиќ,
Мултикултурниот аспект на народното градителство и неговото влијание на граѓанското општество во Браничевскиот регион.....119

Милена Беновска–Сбкова,
Културното наследство и политиката на сеќавањето во пограничниот регион на бугарскиот град Златоград.....127

Оливера Макриевска,
Примена на аналитички спектроскопски техники во истражувачките работи на иконата Свети Наум Охридски од црквата Свети Великомаченик Димитриј во Битола.....139

Душко Цветанов,
Можна убикација на Палеокастро (тврдина или населба), крај манастирот „Богородица Елеуса“ - с. Велјуса, Струмичко.....153

Гоце Наумов,
Слободан Стојкоски,
Нови предисториски тумби во Пелагонија.....167

Зоран Алтипармаков,
Гордана Филиповска Лазаровска,
Весна Калпаковска,
Роберт Михајловски,
Приказ на епиграфски споменик - Скочивирски натпис.....180

Владо Ѓорески,
Кратки размисли за балканскиот цртеж и графика или ламентот за вечниот очај (извадок од подолга студија).....193

Марјан Иваноски,
Димитар Љоровски Вамваковски,
Еден документ за доселувањето на муслиманското население од Косово и Метохија, Црна Гора, Санџак и Босна и Херцеговина во Народна Република Македонија (1951-1956).....206

Инструкции за авторите на прилози во "Зборник на трудови" на НУ Заводот за заштита на спомениците и музеј - Битола.....215

UDC 903.4 (497.774/775)

Гоце НАУМОВ,
Слободан СТОЈКОСКИ,[1]

НОВИ ПРЕДИСТОРИСКИ ТУМБИ ВО ПЕЛАГОНИЈА

Апстракт: *Во овој труд се презентирани резултати од рекогносцирањето на поголем број предисториски локалитети во Пелагонија, а кое беше изведено во рамки на проектот „Тумби во раниот неолит во Пелагонија“ спроведен во периодот од мај до јули 2015 година. Во трудот се презентирани само дел од вкупно 94 рекогносцирани локалитети, меѓу кои 53 се сосем нови. Некои од овие локалитети се опсежно обработени во трудот, при што се приложени нивната локација, површината што ја зафаќаат, како и моменталната висина. Притоа, се презентирани информации за неколку клучни новооткриени археолошки локалитети од типот „тумби“, карактеристични за пелагонискиот регион, а кои еманираат нова светлина врз неолитот на овој регион. Според добиените податоци може да се заклучи дека повеќето тумби се распоредени околу неколку локални населбински центри кои се истакнуваат преку своите исклучително големи димензии. Преку најновите мерења и ГИС мапирање на тумбите во централниот дел на Пелагонија се добија мошне прецизни резултати за организацијата на овие населби и нивниот сооднос во повеќе фази на неолитот и подоцнежните предисториски периоди.*

Клучни зборови: *Пелагонија, археологија, предисторија, тумби, неолит, рекогносцирање, облик, зафатнина.*

Пелагонија одамна го привлекува интересот меѓу разни генерации на археолози (Сл. 1). За разлика од антиката, предисторијата во почетните години на археологијата во Македонија не беше особено интересна за истражување. Но сепак во првата половина на XX-от век се започна со рекогносцирања и помали ископувања, кога се откриваат и некои од покарактеристичните тумби во Пелагонија (Heurtley 1939; Андоновски 1954; Симоска и Санев 1976). Сепак, втората половина на XX-от век преставува пресвртница во истражувањата на предисторијата од овој регион (Grbić i dr. 1960), и тоа особено 1970-те години кога има најголем интензитет на рекогносцирања, ископувања и изложби, најчесто иницирани и раководени од Драгица Симоска и Благоја Китаноски (Симоска и Санев 1975; Симоска и Санев 1976; Симоска и др. 1976; Симоска и др. 1979; Китаноски 1977; Китаноски и др. 1978; Китаноски и др. 1980). За жал, веќе во следната декада нагло опаѓаат активностите поврзани со истражувањата на предисторијата или барем тие не може да се

[1] Д-р Гоце Наумов од *Музеј на Македонија и* Слободан Стојкоски од НУ За-вод и музеј - Битола.

забележат од исклучително малиот број на публикации од овој период, кој се сведува на само неколку мошне кратки извештаи и прегледи. Ваквата пасивна ситуација изненадувачки трае повеќе од цели три декади, со исклучок на неколку трудови концентрирани на локалитетите и материјалната култура во прилепскиот регион, како и на неолитизацијата на овој регион (Санев 1995; Миткоски 2005; Темелкоски и Миткоски 2005; Темелкоски и Миткоски 2006; Темелкоски и Миткоски 2008; Наумов 2009; Naumov 2015). Сепак, во последните неколку години започнува новата ера на научен интерес концентриран на Пелагонија, а кој воведува нови методи и технологии во истражувањето на предисторијата во овој регион (Наумов и др. 2014; Naumov and Bugaj 2014; Naumov*in print*; Наумов и Томаж *во печат*).

Новата серија на истражувања во Централна Пелагонија и одличните резултати добиени од нив, уште повеќе го интензивираа интересот кон предисторијата на најголемата рамница во Македонија. Од тие причини, се започна и со екстензивно рекогносцирање и геодетско мапирање на повеќето тумби во овој ареал, а во тек е ГИС моделирањето на нивните локации и распоред во неолитот и останатите предисториски периоди. Дел од резултатите добиени од овие истражувања ќе бидат презентирани во оваа прилика и тоа особено неколку ново откриени тумби, рекогносцирани и измерени во мај 2015 година. Притоа, беа откриени триесетина нови тумби кои го потврдуваат животот во неолитот, енеолитот и бронзеното време, но и такви кои претежно содржат средновековен и рецентен археолошки материјал. Голем дел од нив се видно оштетени од земјоделските активности, а некои не можат ниту да се забележат на теренот. Благодарение на сателитските карти, нивните контури се видливи, што овозможи и полесно откривање на локалитетите во пелагониската рамница. Што се однесува до имињата на овие локалитети, тие беа дефинирани во согласност со називите кои локалните жители ги користат за нив. Оние тумби за кои не можеше да се добијат вакви топоними се именуваа со географски насоки и броеви.

Целта на овие истражувања беше да се определат точните локации на наоѓалиштата, како и да се изврши топографско мерење на нивната висина и приближниот обем што населбите го имале. Притоа, се земаа координати и се пресметуваше квадратурата за да може поточно да се утврдат нивната позиција и големина. Котите, надморската висина и површината се мереа со портабл GPS уред кој има осцилации на точноста меѓу 1 и 10m и тоа во зависност од позицијата на сателитите. Поради тоа, во оваа пригода се дадени вредностите добиени од директно од уредот, но кои може минимално да варираат во однос на некои попрецизни апарати користени при геодетски мерења. Котите на тумбите и нивните локации се добиени според вредностите на Адриа Топо софтверот кој е составен дел од GPS уредот со кого се мереа тумбите, при што се добија и нивната приближна висина и површина. Тука треба да се напомене дека примарната цел не беше прибирање на површинскиот материјал, туку тој единствено се користеше за првично хронолошко определување на локалитетите, и тоа особено за оние кои досега не беа позна-

ти. Ваквите рекогносцирања овозможуваат многу прецизен увид во распоредот на предисториските тумби и нивните димензии во определени предисториски фази, со што натаму би можеле да се направат споредби и изведат заклучоци за квантитетот и соодносот меѓу овие населби.

Во текот на истражувањата беа документирани повеќе тумби во атарите на селата Могила. Трн, Добромири, Долно Оризари, Карамани, Поешево, Битола, Кравари, Логоварди, Новаци, Рибарци, Оптичари, Егри,Жабени, Породин и Меџитлија од кои некои се веќе регистрирани во археолошката литература или пак во ретки случаи и ископувани. Во оваа прилика ќе бидат презентирани само неколку од новооткриените тумби, а во некоја друга прилика ќе се направи целосен осврт на сите досега детектирани тумби во Централна Пелагонија. Благодарение на овие рекогносцирања, бројот и распоредот на новите и веќе познатите тумби дава сосем нова слика за демографската динамика во предисторијата и особено на онаа во неолитот. Бројот на вакви локалитети е значително зголемен со што може да се констатира дека во еден помал ареал многу почесто се основале ваков вид на населби, отколку што тоа порано се мислеше. Тоа ја покажува честата преселба на заедниците од една во друга населба, или пак посочувана постојаниот прилив на нови популации кои можеле да обезбедат стабилен живот среде плодните пелагониски полиња. Идните ископувања и анализи ќе приложат нови податоци за тоа како се одвивал животот во неолитските села и со каков интензитет населението влегувало во интеракција со своите соседи, но и со природната околина.

Долно Оризари

Во ареалот на село Долно Оризари констатирани се неколку тумби, но само за една постои податок дека е археолошки локалитет. Станува збор за локалитет во самото село кој се датира како населба од бронзеното време (Симоска 1996). Меѓутоа при увидот на терен, на тоа место не можеше да се констатира тумба, ниту пак какви и да се остатоци од материјална култура поврзани со овој локалитет. Од тие причини тој не е вклучен во овој преглед. Во текот на рекогносцирањата се пронајдоа 5 нови локалитети во близина на Долно Оризари (Сл. 2), а од кои еден не претставува тумба.

„*Тумба Север 1*“

Координати: E00530911; N04546305; Површина: 1710 m²; Висина: 533 m.

Оваа тумба претставува можеби една од најјасно видливите археолошки точки на сателитските карти во Централна Пелагонија. Таа се наоѓа меѓу селата Горно и Долно Оризари, но со оглед на карактерот на рекогносцирањето, таа во овој случај се вброи меѓу локалитетите кои административно му припаѓаат на Долно Оризари. Населбата е лоцирана на околу 1,5km од селото, во нивите кои им припаѓаат на жителите на Горно Оризари. Таа претставува благо издигната тумба, веројатно спуштена благодарение на земјоделските активности. На површината се забележува керамички материјал што му припаѓа на неолитот и енеолитот, а некои фрагменти сугерираат и фази од

бронзеното време. Тука треба да се нагласи дека голем дел од керамичкиот материјал е сличен со „Тумба Исток 2“ од Оптичари и тоа особено значителното присуство на камчиња во печената глина. Засега, на ниту еден друг локалитет кој беше рекогносциран во Пелагонија не се констатирани вакви обележја.

„Тумба Север 2“

Координати: Е 00531096; N04546246*;* Површина: непозната*;* Висина: 532 m.

Овој локалитет се наоѓа веднаш до „Тумба Север 1“, односно на 100m источно од неа. Неговиот облик не може јасно да се констатира како на соседниот локалитет, па од тие причини беше невозможно да се измери површината што ја зафаќа. Со оглед на тоа што имаат мошне сличен материјал, овие две тумби можеби му припаѓаат на еден локалитет, иако се мошне јасно географски издвоени. Нивните форми се оцртуваат и на сателитските карти, така што очигледно станува збор за две различни тумби. Мошне е веројатно едната од нив да се формирала од заедница која ја напуштила или се издвоила од првата тумба, или пак тие да функционирале како една населба со два центри. Со оглед на нивната специфичност, овие тумби заслужуваат многу потемелно истражување во иднина.

„*Домус Поле 1*“

Координати: Е 00532878; N04545447; Површина: непозната; Висина: 586 m.

Во полињата на 400m источно од Долно Оризари се наоѓа археолошки локалитет кој не претставува тумба, туку рамна населба на скоро незабележително возвишување. На површината доминира рецентна керамика, па може да се претпостави дека станува збор за село или комплекс објекти од отоманскиот период. Тука треба да се истакне дека скоро целата површинска керамика е обла и модифицирана од активности на вода. Големото количество на песок од воден нанос дополнително го потврдува овој факт, така што може да се работи за материјал кој долго време бил изложен на движење од вода.

„*Сакојци*“

Координати: Е00533920; N04545239; Површина: непозната; Висина: 588 m.

Овој локалитет се наоѓа на 1,3km источно од Долно Оризари и претставува мало издигнување кое можеби некогаш било дел од тумба. И на него се вршат константно земјоделски активности што веројатно придонело за неговата сегашна состојба. Ниската тумба е оштетена од патот кој води кон Драгор, но и од меѓата со густа вегетација на нејзината јужна страна. Од тие причини не можеше да се определи нејзината точна форма, ниту пак да се измери нејзината зафатнина. На површината доминира рецентна керамика, но во многу помала мера се забележуваат и фрагменти кои можат да се окарактеризираат како антички и предисториски.

Поешево

Од доегашните сознанија за археолошките локалитети во атарот на село Поешево, позната е само една тумба (Симоска 1996). Меѓутоа во текот на рекогносцирањата вршени во мај се пронајдоа уште три други локалитети, од кои еден во непосредно до индустриската зона на Битола (Сл. 3).

„*Тумба-Исток 1*“

Координати: E 00532774; N 04541492;Површина: непозната; Висина: 588 m.

Оваа тумба е лоцирана блиску до селото, односно на неговата источна периферија. Таа се наоѓа на околу 400m источно од тумбата во центарот на Поешево и врз неа минува патот кон Битола, поради што е тешко воочлива. Со оглед на густата вегетација не може да се констатира многу материјал, освен во дворот на една од куќите каде се забележуваат предисториски, средновековни и рецентни фрагменти од керамика.

„*Тумба-Исток 2*“

Координати: E 00532254; N 04541219; Површина: непозната; Висина: 593 m.

На околу 800m југо-источно од селото е присутна уште една помала тумба која е делумно оштетена од каналот за наводнување, далноводите и нивите. На неа доминира рецентен материјал иако некои фрагменти укажуваат и на средновековна и предисториска керамика. Неопходен е подетален увид и истражување за да точно се утврди хронолошкиот карактер на овој локалитет.

„*Полигон*“

Координати: E 00531302; N04541462;Површина: непозната; Висина: 598 m.

Оваа тумба се наоѓа на 800m источно од „Тумба-Исток 2“. Заради густата вегетација таа може да се забележи само од патот Поешево-Битола. Врз неа е изградена барака која делумно го има оштетено локалитетот, како и каналот за надонување што ја пресекува јужната периферија на тумбата. На површината се забележуваат фрагменти од рецентна и античка керамика, а некои наоди можат да се окарактеризираат и како средновековни.

Кравари

Во ареалот на село Кравари познати се две неолитски тумби, именувани како „Тумба“ и „Тумба – Старо Село“ (Симоска 1996). Во текот на рекогносцирањето беше направен увид единствено на вториот локалитет, додека првиот сè уште не може да биде детектиран. Освен нив, се открија уште два нови локалитети, а едниот можеби е истиот кој во претходните рекогносцирања беше идентификуван како „Тумба“. Ова се засега единствените предисториски локалитети кои можат да бидат регистрирани во овој дел од Пелагонија, а кои воедно и се забележуваат на теренот или сателитските карти (Сл. 4). Евентуалното постоење на други предисториски населби во атарот

на селото Кравари, во иднина би можело да се констатира со примена на други методи на археолошко детектирање.

„*Тумба*“

Координати: E 00535593; N 04539533; Површина: 7120 m²; Висина: 586 m.

Во археолошка карта под називот „Тумба“ е заведена неолитска населба којаспоред авторите е лоцирана северо-источно од селото Кравари. Во текот на овогодишните рекогносцирања се пронајде локалитет со истото име, меѓутоа на 3km северно од селото. И на него е присутно големо количество неолитски материјал, така што сеуште е нејасно дали станува збор за истиот локалитет. Бидејки северо-источно од селото не се пронајде друг локалитет, најверојатно се работи за истата тумба. Таа е делумно спуштена со орањето, а пресечена е на две половини со каналот за наводнување кој минува низ нејзината средина. Од тие причини, не можеше целосно да се измери нејзината зафатнина, така што измерената површина од едната половина апроксимативно се удвои за да се добие приближната големина на тумбата. Карактеристично е тоа што на неа е присутно големо количество лепеж, што е ретка појава кај другите тумби.

„*Мулојца*“

Координати: E 00531109; N 04540747; Површина: непозната; Висина: 597 m.

Веднаш до „Тумба“, на 100m северо-западно од неа, се наоѓа друг предисториски локалитет со сличен облик и висина. Тој не е оштетен, освен делумно на врвот, кадешто се врши константна обработка на нивите. На него е присутно големо количество на керамика од бронзеното време, но и таква која може да се окаректиризира како рецентна. Со оглед на материјалот од површинските слоеви, може да се смета дека овој локалитет е помлад од „Тумба“ и веројатно бил подигнат подоцна. Додека не се извршат археолошки ископувања, останува нејасно дали тој содржи и неолитски слоеви, што е вообичаено обележје за енеолитските и бронзенодобните тумби во Пелагонија. Со оглед на тоа што нивите на тумбата се омеѓени со густа и висока вегетација, не беше возможно да се измери нејзината површина.

„*Рамно*“

Координати: E 00532002; N 04539792; Површина: непозната; Виси-на: 596 m.

Во текот на рекогносцирањата се пронајде уште еден нов локалитет кој е целосно израмнет со земјоделските активности и за кого не може да се потврди дека претставува тумба. Од тие причини и неговиот облик останува нејасен, а воедно ниту зафатнината може да се пресмета. На површината претежно се наоѓа средновековен и рецентен археолошки материјал.

Оптичари

Во ареалот на селото општичари познати се неколку тумби, а една од нив (именувана како „Тумба“) е истражувана во осумдесетите години од ми-

натиот век (Симоска и Кузман 1990). Освен овие тумби во новите рекогносцирања беа откриени уште три вакви локалитети кои го надополнуваат бројот на населби во еден досега непознат простор (Сл. 5). Ова значително ја менува сликата за концентрацијата на тумбите во конкретни мали области на Пелагонија, што придонесува кон потемелно разбирање на нивниот распоред во котлината.

„*Тумба Југ 1*“

Координати: E 00535054;N 04536751; Површина: 2130m²; Висина: 586 m.

Оваа тумба претставува еден од новооткриените локалитети во ареалот на Оптичари и се наоѓа на 9km југо-западно од селото. Таа во средина е пресечена од каналот за наводнување, а висината е значително смалена со обработувањето на полињата. Што се однесува до обликот, таа е слабо видлива на теренот и сегашната евентуална висина изнесува околу 0,5m. Нејзината површина изобилува со неолитска керамика, што укажува на фактот дека можеби не постојат слоеви од другите предисториски периоди.

„*Тумба Југ 2*“

Координати: E 00536493; N 04537257; Површина: непозната; Висина: 584 m.

Уште една мала тумба беше откриена во непосредна близина на „Тумба Југ 1“ и тоа на 8km северо-источно од неа. Покрај неолитската керамика, на овој локалитет се констатираа и фрагменти од енеолитот и бронзеното време. Со оглед на тоа што нејзината локација се утврди само преку сателитските карти и површинските наоди, обликот и висината на овој локалитет не може да се констатираат.

„*Тумба Југ 3*“

Координати: E 00536393; N 04537281; Површина: 720m²; Висина: 585 m.

Оваа тумба се наоѓа веднаш до „Тумба Југ 2“ и тоа од нејзината лева страна, односно на 100m кон запад. Нив ги дели еден канал за наводнување, па останува прашањето дали тие две се дел од поголема тумба или пак биле подигнати една крај друга. Според археолошкиот материјал тие се слични (присуство на фрагменти од неолитот до бронзеното време), меѓутоа на сателитските карти јасно се забележува кружната формација на овој помал локалитет.

„*Тумби Исток 1 и 2*“

Координати: 1. E 00538102; N 04538824/ 2. E 00538232; N 04538830; Површина: 5550m²; Висина:1. 588m/ 2. 588m

Во близина на веќе истраженото локалитет „Тумба“ се пронајдоа уште две нови помали тумби кои поради своите позиции најверојатно претставуваат дел од една населба. Тие се наоѓаат на 3km источно од „Тумба“, а лоцирани се веднаш една до друга. Иако можат да се констатираат две засебни помали тумби, сепак набљудувани од страна тие функционираат како еден локалитет. Единствено преку идни истражувања може да се утврди дали тие

биле активни во исто време или пак едната била основана подоцна и постепено странично се напластила врз постарата тумба. Во секој случај, и за двете тумби се земени независни коти, иако е пресметана вкупната површина што тие заедно ја зафаќаат. Во источниот дел, едната од нив е пресечена од канал за наводнување, така што пресметената зафатнина не ја дава целосната слика за вкупната површина. Што се однесува до археолошкиот материјал, се забележува присуство на предисториска и античка керамика. Дел од овој материјал има истакнато груба и невообичаена фактура со мноштво примеси на калцити, па не може да се утврди дали керамиката е неолитска, бронзенодобна или пак средновековна.

Егри

Досега не се формално регистрирани неолитски населби во селото Егри (кое има три фракции: Горно, Средно и Долно Егри). Ниту во Археолошката карта на Македонија и каталозите за предисториската археологија не се заведени или спомнати тумби кои се наоѓаат во ареалот на ова расчленето село. Меѓутоа во каталогот за предисторијата во Централна Пелагонија е исцртана мапа на која се поставени неколку тумби кои се наоѓат во непосредна близина до селата (Сл. 1), а која е потоа обновена и во некои понови изданија (Симоска и Санев 1976; Василева 2005). Овие тумби не се спомнати во некој друг научен труд, така што останаа формално непознати за археолошката јавност. Сепак, при најновите рекогносцирања во Пелагонија се направи увид и во просторот кој административно му припаѓа на Егри при што се констатираа овие две тумби, а за неколку други постојат индикации кои треба накнадно да се проверат на терен (Сл. 6).

„*Св. Богородица*

Координати: E 00540646; N 04536701; Површина: 7090m²; Висина: 590 m.

На околу 200м. северо-источно од Горно Егри е лоцирана голема тумба на чиј врв е изградена црквата „Св. Богородица“. На нејзината површина е констатирана неолитска керамика, но и фрагменти од бронзеното време и антиката, што укажува на фактот дека на ова место се живеело во неколку одделни периоди. Иако нејзиниот врв е оштетен од градежните зафати поврзани со црквата, сепак поголемиот дел ја има задржано автентичната висина, бидејќи на неа не се врши земјоделска обработка на почвата. Од тие причини, таа претставува една од највисоките и најдобро сочуваните пелагониски тумби на кои е констатиран неолитски археолошки материјал.

„*Св. Петка*“

Координати: E 00541483; N 04536126 / E 00541483; N 04536126; Површина: непозната; Висина: 593m / 591m

И овој локалитет се наоѓа во непосредна близина на Горно Егри, меѓутоа од другата страна на Црна Река. Тој претставува една од најмасивните тумби во Пелагонија врз која е изградено селото именувано од страна на локалните жители како Долно Егри. Ова село денес е напуштено и покрај ра-

зурнатите куќи, сочувана и обновена е само црквата „Св. Петка“, па оваа локација претежно се користи за религиозни собири. Просторот кој го опфаќаат куќите и црквата е многу помал во однос на целата зафатнина на тумбата, така што и нејзиниот релативно автентичен облик е сочуван. Освен во подножјето, во останатите делови не се изведуваат земјоделски активности, што делува во сочувувањето на нејзиниот облик. Прашање е дали целиот простор на кој се наоѓаат археолошките слоеви е создаден вештачки од страна на предисториските популации или пак тој претставува географско возвишување врз кое дополнително се формирани и подигнати населбите во неолитот. На површината може да се констатира броен археолошки материјал кој може да се датира дури и во раниот неолит. Со оглед на нејзината големина, неопходно е да се изврши потемелно мерење на нејзината површина, што не беше возможно при овие рекогносцирања. Заради масивноста на оваа тумба се земаа две коти како референца за нејзината висина и локација, и тоа една кај црквата, а другата на спротивната страна на локалитетот, односно на највисоката точка во северо-источниот дел.

Заклучок

Најновите рекогносцирања приложија многу сознанија за распоредот и големината на неолитските тумби во Пелагонија. Иако станува збор само за површински истражувања и мерења, сепак тие значително ја надополнуваат сликата за комплексниот карактер на населбите во овој предисториски период. Во текот на истражувањата за првпат се приложија точните координати, надморската висина и зафатнината на локалитетите, што досега беше само спорадично навестувано. Со тоа се добиваат многу попрецизни податоци за локацијата и карактерот на овие локалитети, што со идните ископувања може накнадно да се надополни. Од големо значење за овие истражувања е тоа што се пронајдоа нови тумби кои досега не беа познати во археолошката литература. На тој начин нивниот број станува поголем и постепено ја менува сликата за густината на овие населби во пелагониската рамница (Сл. 8).

Според резултатите добиени од овие истражувања може да се заклучи дека бројот на тумби е исклучително голем за еден помал географски простор. Дури и во рамки на еден конкретен ареал, како на пример Логоварди, Рибарци или Оптичари, концентрацијата на овие локалитети е изненадувачки голема, што и претходно беше истакнато за неколку општини во Пелагонија (Наумов и др. 2014). Без натамошни темелни ископувања, останува отворено прашањето дали овие локалитети (често околу 6 концентрирани во простор од само 9km²), функционирале во исто време или пак тие се основале во различни периоди? Доколку на нив се живеело во исто време, што е делумно навестено од површинската и ископуваната керамика, тогаш се поставува прашањето за карактерот на заедниците кои нив ги настанувале, односно дали тие биле во взаемни контакти или во некакви социјални и роднински врски? Од друга страна, доколку овие локалитети се формирале во различни етапи,

вклучувајќи и различни фази на неолитот, тогаш е многу веројатно нив да ги формираат популации кои си оделе од одредена локација заради временски непогоди (најчесто поплави) и потоа повторно на истите места основале нова населба или пак во нивна непосредна близина. Ваквата динамика на населување е мошне веројатна со оглед на честото поплавување на пелагонската рамница, меѓутоа тоа единствено може да се потврди со мултидисциплинарни проучувања на целокупниот археолошки материјал од минатите и идните ископувања.

Рекогносцирања изведени на овие тумби во мај 2015 година овозможија уште една од многуте перспективи на нивно темелно разбирање. Со оглед на тоа што точно се измери површината на оние локалитети, чиј облик можеше да се констатира на теренот, за првпат постојат податоци за површината што тие ја зафаќале. Ваквите податоци не можат да се земат како апсолутно точни бидејки голем дел од тумбите се оштетени или целосно уништени со земјоделските активности. Сепак, со помош на сателитските карти, каде е видлив нивниот облик, но и со добиената квадратура од најновите мерења, можат да се приложат првични размислувања за големината и соодносот на овие тумби во неолитот или општо во предисторијата. Дел од тумбите особено се истакнуваат по површината што ја зафаќаат, додека некои се изненадувачки мали. Зафатнината на тумбите овозможува да се добие првичен увид за карактерот на одредена населба, односно за должината на времето на нивно користење. Некои континуирано биле населувани, додека за помалите е многу веројатно дека имале повеќе сезонски карактер и многу пократко се живеело во нив.

Според пресметаната квадратура, тумбите кај Егри („Богородица“ и „Петка“),зафаќаат простор околу 8000m² и барем засега влегуваат во категоријата на најголеми тумби. Оние со среден опсег и зафатнина од околу 2000m² се лоцирани кај Оптичари („Тумба Југ 1“). Како најмали тумби можат повторно да се определат други населби кај Оптичари („Тумба Југ 3“), со пресметана површина од околу 700 m². Со оглед на тоа што некои тумби со различни димензии се наоѓаат близу една до друга, може да се смета дека тие биле основани во различни фази на неолитот или воопшто на предисторијата. Причините за ваков диверзитет можат да бидат мошне различни. Поголемите тумби функционирале како локални центри, додека помалите биле во својст-во на сезонски кампови по природни непогоди. Доколку биле истовремени тие се населиле од жители кои се издвоиле од заедницата во главните центри.

Исто така, во случај тумбите да се датираат во различни фази и периоди, тие добивале помало или поголемо значење од новите популации кои на тие конкретни места гледале погодно место за трајно населување или пак простор кој може краткотрајно да го користат додека не прејдат во населба со подобри географски услови. Не треба да се исклучи можноста дека помалите тумби можеле да функционираат и како стопански центри, каде дел од заедницата ги обработувала нивите или ловела риби, имајќи ги предвид плод-

ните полиња, мочурливиот простор, реката Црна и помалите притоки. Вакви-те хипотези единствено може да се потврдат преку идни ископувања и детална обработка на целокупниот материјал, вклучувајќи ги археолошките наоди, палеоботаничките и геолошките примероци, како и хронолошките анализи. Во секој случај интересен е фактот што има широк опсег на варијации во однос на димензиите на тумбите, што секако треба да се земе предвид во нивното идно проучување.

Она што исто така може да се констатира, е видно смалената висина на повеќето тумби. Доколку за некои од нив во првичните рекогносцирања од 1970-те години (Симоска и Санев 1976), се определуваа висини од 2 до 4m, денес за истите може да се потврди дека имаат висина од едвај 0,5 до 1m.Тоа значи дека земјоделските и градежните активности придонеле нивната висина да се спушти за едно или две метра и засекогаш да се уништат многу битни археолошки слоеви. Не е ниту мал бројот на тумбите кои воопшто не се забележуваат на теренот, освен преку сателитски карти, така што тие најверојатно ги имаат сочувано најраните слоеви (останатите се неповратно загубени) или пак станува збор за мошне мали тумби со краткотраен живот на нив. Според разговорите со локалните жители, за некои тумби е познато дека некогаш биле поголеми, а денес се целосно уништени, додека за други се смета дека отсекогаш биле со помала висина и зафатнина. Овој исклучително лош третман на тумбите во последните седумдесет години, значително придонел кон губење на многу важни археолошки податоци, а доколку тој продолжи со ист интензитет, не треба да се исклучи можноста дека најголемиот процент од нив во иднина ќе останат сосем неистражени. Од тие причини, неопходна е нивна заштита или пак темелно истражување пред повторно да се користат како почва за обработка на земјоделските култури или како простор предвиден за изградба на патишта, објекти, канали и далноводи.



Сл. 1. Карта на Република Македонија со означен простор во кого се концентрираа истражувањата.

Сл. 2. Сателитски приказ на Пелагонија со просторот во кого се вршеше рекогносцирањето на предисториските тумби (основна мапа: Google Earth).

Сл. 3. Распоред и локација на предисториските тумби презентирани во текстот:
1. „Тумба Север 1“ – Долно Оризари; 2. „Тумба Север 2“ – Долно Оризари; 3. „Домус Поле“ – Долно Оризари; 4. „Сакојци“ – Долно Оризари; 5. „Тумба Исток 1“ – Поешево; 6. „Тумба Исток 2“ – Поешево; 7. „Полигон“ – Поешево; 8. „Мулојца“ – Кравари; 9. „Тумба“ – Кравари; 10. „Рамно“ – Кравари; 11. „Тумба Југ 1“ – Оптичари; 12. „Тумби Југ 2 и 3“ – Оптичари; 13. „Тумби Исток 1 и 2“; 14. „Св. Богородица“ – Горно Егри; 15. „Св. Петка“ – Горно Егри (основна мапа: Google Earth).

Сл. 4. Фотографија и сателитска снимка на локалитетот „Св. Богородица“ – Горно Егри (фотогафија: Гоце Наумов; основна мапа: Google Earth).

Библиографија:

Андоновски, Г. Х. 1954. Белешки за неолитот во Македонија. *Весник на музејско-конзерваторското друштво на НРМ*, бр. 1-2. Скопје: 2-5.

Василева М. 2005. *Каде е нашето минато*. Битола: Висои.

Grbić, M., Mačkić P., Nadj Š., Simoska D. and Stalio B. 1960. *Porodin: kasno-neolitsko naselje na Tumbi kod Bitolja*. Bitolj: Narodni muzej Bitolj i Arheološki institut – Beograd.

Китаноски, Б. 1977 . Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedonia Acta Archaeologica* 3: 27-42. Скопје. 1977.

Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedonia Acta Archaeologica* 4: 9-32. Прилеп.

Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1980. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија. *Macedoniae Acta Archaeologica* 6: 9-20. Скопје.

Миткоски, А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. *Macedoniae Acta Archaeologica* 16: 29-53.

Наумов, Г. 2009. Процесите на неолитизација во Македонија. Во Наумов, Г., Фиданоски, Љ., Толевски, И. и Ивковска, А. 2009. *Неолитските заедници во Република Македонија*: 25 - 42. Скопје: Данте.

Naumov, G. 2015. The Early Neolithic Communities in Macedonia.*ArheologickéRozhledy* LXVII-2015. Prague.

Naumov*in print.* The Prehistoric Tell Sites in Pelagonia. *PAST* 81. London.

Naumov , G. and Bugaj, U. 2014. Archaeological Survey in Pelagonia – 2013.*PAST* 76: 11-13. London.

Наумов, Г. и Томаж, А. *во печат.* Археолошки ископувања на неолитскиот локалитет „Школска Тумба“ во Могила. *Патримониум* 13. Скопје.

Наумов, Г., Тержиецки, М., Пржибила, М., Чвиеј, М., Бугај, У., Шчепаник, П. и Подсјадло, М. 2014. Археолошко, топографско и геофизичко истражување на неолитски тумби во Пелагонија. *Патримониум* 12: 345-372. Скопје, Санев 1995

Санев В. и Симоска Д. 1983. *Неолитските населби Велушка Тумба и Голема Тумба кај село Трн во развитокот на првите земјоделски заедници во Централна Пелагонија* – извештај. Битола.

Симоска, Д. 1996. Долно Оризари, Кравари, Поешево и Оптичари. Во (*без уред.*) *Археолошка карта на Република Македонија 2*: 3-18.

Симоска, Д. и Кузман, П. 1990. Тумба Оптичари. *Arheološki Pregled* 1988: 63 - 66. Ljubljana.

Симоска, Д. и Санев, В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1: 25 – 85.

Симоска, Д. и Санев, В. 1976. *Праисторија во Централна Пелагонија. Битола.* Битола: Народен музеј Битола.

Симоска, Д., Китаноски, Б. и Тодоровиќ, Ј. 1976. Населбата Црнобуки и проблемот на истоимената култура во светлината на новите археолошки истражувања. *Macedonia Acta Archaeologica* 2: 43-83. Прилеп.

Симоска, Д., Китаноски, Б. и Тодоровиќ, Ј. 1979. Неолитска населба во село Могила кај Битола. *Macedonia Acta Archaeologica* 5. 9-30.

Темелковски, Д. и Миткоски, А. 2005. *Садова керамика од Врбјанска Чука*. Macedoniae Acta Archaeologica 16: 29 – 53. Скопје.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2006. Праисториска населба Могила, Сенокос.*Macedonia Acta Archaeologica* 17: 55-80. Скопје.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2008. Доцнонеолитска населба на локалитетот Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18: 93.

Heurtley, W. A. 1939. *Prehistoric Macedonia: An archaeological reconnaissance of Greek Macedonia (West of the Struma) in the Neolithic, Bronze and Early Iron Ages*. Cambridge: Cambridge University Press.

Summary

The new reconnaisanceprovided new data about the layout and the volume of Neolithic tells in Pelagonia. Although it is only surface exploration and measuring, the broader perspective about the complex and character of the settlements in Pelagonian prehistory is supplemented. During the research, coordinates, elevation and volume of the sites were applied, which in earlier surveys were only used sporadically. The portable GPS was used on the field and satellite maps from satellite to determinesite locations. The data about the location and sites feature is significantly improved and can be further tested with new surveys and excavations.

This survey contributed in the discovery of more than thirty new tells sites which were unknown so far. The number of tells in Pelagonia is much higher now andmodifies the archaeological map and the density of Neolithic settlements and the knowledge on interaction among communities people in this period. The survey demonstrates that there are tells with different volumes, the largest with approximate volume of 8000m² ('Sv.Bogorodica' - Egri), medium with 2000 m² ('Tell South 1' - Optičari), and the smallest with roughly 700 m² ('Tell South 3' – Optičari). There could be different motives and processes effecting such large variability in volume of tells. The larger tells could functioned as sort of centers while the smallest were most probably used as seasonal camps, economy complexor villages with only few inhabitants. If these tells were employed in same period they were most likely established from communities separated from those regarded as main centers or from population that intended to be associated and interact with the major settlements. There is also probability that smaller tells in closer vicinity of the larger ones could be established after some disease, fire or flood which are still frequent in Pelagonia. Nevertheless, this could be only tested with future excavation and thorough study of archaeological, botanical and geological data.